**202616422454**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 92 став (12) од Законот за акцизите(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22, 209/23 и 265/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 јули 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА ЕНЕРГЕНТИТЕ, ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД, КАКО И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКАТА НА АКЦИЗАТА

Член 1

Со оваа одлука се определува видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата.

Член 2

Видовите на енергенти од член 1 од оваа одлука се:

1. Моторен бензин од тарифните ознаки 2710 12 45 00, 2710 12 49 00 и
2. Гасно масло како погонско гориво од тарифните ознаки 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 19 00, 2710 19 44 00 и 2710 19 42 00.

Член 3

Начинот на пресметка на акцизата се врши согласно одредбите од член 92 став (11) од Законот за акцизите(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22, 209/23 и 265/24).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе започне да се применува од 00:01 часот на 21 јули 2026 година до 24:00 часот на 20 октомври 2026 година.

Бр. 57-5992/5
20 јули 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.